**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР / GJYKATA THEMELORE DIBËR**

**ул. “Велко Влаховиќ’’ бб, 1250 Дебар | тел.046/831-600 | e-mail: contact@osdebar.mk**
**rr. “Velko Vllahoviq’’ pn, 1250 Dibër | tel.046/831-600 | e-mail: contact@osdebar.mk**

**01 СУ бр.7/22**
**07.02.2022 год.viti**
**Д Е Б А Р / D I B Ë R**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ЗА 2021 ГОДИНА



**ФЕВРУАРИ 2022**

**СОДРЖИНА**

**Вовед**.........................................................................................................................стр.1

**1.Податоци за работа со предмети**…………………………………………………...стр.2

**1.1**.Движење на предметите на ниво на суд.....................................................................стр.2

**1.2.**Предмети судска управа..............................................................................................стр.6

**1.3.**Квалитет на работење на ниво на Суд.........................................................................стр.7

**1.4**.Предметно работење на ниво на оддел.......................................................................стр.7

**1.4.1**.Предметно работење на ниво на Кривичен оддел...................................................стр.7

**1.4.2**.Предметно работење на ниво на Граѓански оддел...................................................стр.8

**1.5.** Состојба со стари предмети на ниво на суд...............................................................стр.8

**1.6**. Предметно работење на претседателот на судот......................................................стр.9

**1.7**.Предметно работење на судиите..................................................................................стр.10

**2.Човечки ресурси**.............................................................................................................стр.12

**3. Судска пракса**.................................................................................................................стр.13

**4.Односи со јавноста**.........................................................................................................стр.14

**5.Извештај за информатичка опрема**.............................................................................стр.14

**6.Извештај за опременост и одржување на судската зграда**....................................стр.15

**7.Извештај за планирани и релаизирани јавни набавки** ...........................................стр.15

## ВОВЕД

**Основен суд Дебар,** е Суд со основна надлежност основан за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа, надлежност определена со одредбите од член 28 ст.1 т.7 и член 30 од Законот за судовите.

Тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегува од Законот за судовите, Судот со ангажирање на сите вработени работеше на целосна реализација на Програмата за работа на судот за 2021 година.

Функцијата претседател на судот од 01.01.2021 година до 01.03.2021 година ја вршеше судијата Илир Исени, а од 01.03.2021 година функцијата претседател, ја извршува судијата Мерсим Марку.

Функцијата Заменик претседател на судот ја извршуваше судијата Оруч Абазовски.

Работата во Основен суд Дебар се одвиваше во два судски оддели: Кривичен и Граѓански судски оддел.

Во овој извештај прикажани се податоци за предметното работење на ниво судот, на одделите и судиите, податоци за човечките ресурси, судската пракса, односи со јавност, податоци за информатичката технологија, опременост и одржување на судската зграда и податоци за планираните и извршени јавни набавки за 2021 година.

## 1.ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

### 1.1.Движење на предмети по сите основи на ниво на суд.

Основниот суд во Дебар во 2021 година по сите основи вкупно во работа имал **11546** предмети ( **336** предмети пренесени од претходната година и примени **11213** предмети), од кои 5170 предмети заверки-ЗАВ, 313 СУ(1-7) предмети, 15 предмети СУ дов, 49 определни дејствија во претходна постапка кривично –К-ПП, 184 кривично полнолетни –К, 3107 разни кривични предмети-РКП, 73 кривичен совет во главна расправа-КС, 52 повикување на лица на издржување на казна затвор-полнолетни-КУИКП,190 извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал-ИПРК, 852 прекршочни предмети –ПРК, 10 замолници кривична област-ЗАМ К, 25 парнични мала вредност –П МАЛВ, 2 повторување на постапката парнично-П ПОВ, 13 работни спорови-РО, 1 платен налог по приговор-ПЛП, 7 приговори против неправилности во извршувањето-ППНИ, 46 вон парнични предмети-ВПП, 615 предмети оставина-О, 63 извршување на кривични парични казни, паушал и трошоци-ИКП, 62 имотни спорови-П1, 40 семејни спорови-П2, 1 предмет оставина по приговор, 590 разни вонпарнични предмети –РВП, 4 физичка делба -ВПП 1, 5 поплаки и претставки-УПП, 23 предмети слободен пристап до информаци од јавен карактер –СПИ, 24 облигациони спорови-П4, 11 извршување на кривични и прекршочни санкции-ИСАМ и 2 предмети издавање на дозвола на извршител-ИД.

Во текот на годината погрешно заведени се 3 предмети (1 Зав, 1 Су и 1 ИПРК).

Решени се **11054** предмети ( **10993** редовни и **61** повторно заведени предмети).

На крајот на извештајната година останале нерешени **492** предмети ( **471** редовни и **21** повторно заведени предмети), од кои 1 предмет Су, 7 кривични полнолетни-К, 7 кривичен совет вон главна расправа-КС, 20 повикување на лица на издржување на казна затвор-полнолетни-КУИКП,7 парнични мала вредност –П МАЛВ, 5 работни спорови-РО, 3 вон парнични предмети-ВПП, 390 предмети оставина-О( во работа на нотар),28 имотни спорови-П1,13 семејни спорови-П2, 4 физичка делба -ВПП 1 и 7 облигациони спорови-П4.

**Табела 1. Предметно работење по сите основи на ниво на суд, во 2021 г.**

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Ршени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 336 | 11132 | 73 | 3 | 11546 | 11054 | 492 |

| Табеларен приказ на движење на предметите во Основен суд Дебар во 2021 година по видови предмети (уписник) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | |
| **Подвид предмети** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Повикување на лица на издржување казна затвор-КУИКП | 17 | 35 | 52 | 32 | 20 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал-ИКП | 0 | 63 | 63 | 63 | 0 |
| Извршување на прекршочни глоби,трошоци и паушал -ИПРК | 0 | 190 | 190 | 190 | 0 |
| Извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки-ИСАМ | 0 | 11 | 11 | 11 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **17** | **299** | **316** | **296** | **20** |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Предмети за кривично полнолетни-К | 2 | 182 | 184 | 177 | 7 |
| Разни кривични предмети-РКП | 0 | 3107 | 3107 | 3107 | 0 |
| Кривични предмети претходна постапка полнолетни-К-ПП | 0 | 49 | 49 | 49 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кривичен совет-вон расправа-КС | 0 | 73 | 73 | 66 | 7 |
| Замолници кривична област-ЗАМ К | 0 | 10 | 10 | 10 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **2** | **3421** | **3423** | **3409** | **14** |
| **Вид предмети** | **Прекршочни** | | | | |
| **Вкупно вид прдемети-прекршочни-ПРК (ПРК-Ј,ПРК-С,ПРК-О)** | **0** | **852** | **852** | **852** | **0** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДЕЛ** | **20** | **4572** | **4592** | **4558** | **34** |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | | |
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Оставина-О | **263** | **352** | **615** | **225** | **390** |
| Оставина по приговор – О1 | **0** | **1** | **1** | **1** | **0** |
| Физичка делба-ВПП1 | **0** | **4** | **4** | **0** | **4** |
| Разни вонпарнични предмети-РВП | **0** | **590** | **590** | **590** | **0** |
| Вон парнични предмети-ВПП | **3** | **43** | **46** | **43** | **3** |
| Заверки -ЗАВ | **0** | **5170** | **5170** | **5170** | **0** |
| **Вкупно вид предмети** | **266** | **6160** | **6426** | **6029** | **397** |
| **Вид предмети** | **Извршни** | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приговор против неправилности во извршувањето-ППНИ | 0 | 7 | 7 | 7 | 0 |
| Издавање на дозвола за извршни дејствија-ИД | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно вид предмет** | **0** | **9** | **9** | **9** | **0** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Парнични мала вредност-МАЛВ П | 8 | 17 | 25 | 18 | 7 |
| Платни налози по приговор-ПЛП | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Повторување постапка парнични –ПОВ П | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| Семејни спорови-П2 | 3 | 37 | 40 | 27 | 13 |
| Работни спорови-РО | 5 | 8 | 13 | 8 | 5 |
| Имотни спорови-П1 | 30 | 32 | 62 | 34 | 28 |
| Облигациони спорови-П4 | 4 | 20 | 24 | 17 | 7 |
| **Вкупно вид предмети** | **50** | **117** | **167** | **107** | **60** |
| **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **316** | **6286** | **6602** | **6145** | **457** |
| **ВВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД** | **336** | **10858** | **11194** | **10703** | **491** |

Имајќи ги во предвид податоците на примени и решени предмети, во извештајната година приливот на предмети не е совладан  и има заостаток  за 156 предмети.

Имено, и покрај зголемениот број на решени предмети во однос на претходната година, приливот не е совладан од објективни причини.

Судот, извештајната година ја започна со четири судии во која бројка влегува и претседателот на судот.Но, од месец 01.03. 2021 година во судот судската функција ја ивршуваа тројца судии, бидејќи претседателот на судот, судијата Илир Исени е именуван за Заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители Скопје, а судиското место ставено е во мирување.

Во 2021 година во однос на претходната година, значително е зголемен приливот кај предметите и тоа:кај прекршочните предмети-ПРК за 571 предмети, кај кривичните полнолетни-К за 57 предмети, кај разни кривични предмети –РКП за 1139 предмети, кај ЗАВ предметите за 2527 предмети и кај предметите оставина-О доверни во работа на нотар за 136 предмети.

Според податоците на нерешени предмети на крајот на годината, зголемен е заостатокот на решавање на предметите оставина за 127 предмети, бројка која влијае на резултатот на работењето на судот по однос на намалување на заостатокот на предмети.

Во извештајната година по предметите оставина постапувал еден повереник нотар и ако за подрачјето на судот се предвидени три места.Во втората половина од 2021 година за подрачјето на судот се именувани двјаца нотари, па со нивното работење се очекува во наредната година да се зголеми бројот на решевање на предметите оставина.

Во извештајната година, влијаеше и продолжувањето на пандемијата со Ковид 19, на начин што странки во граѓанските предмети кои се на привремена работа во странство преку своите полномошници бараа одлагање на закажани рочишта, а како причина се наведува дека не можат да дојдат на рочиште поради мерките за заштита од Ковид 19, причина која доведе до одложување на решавање на предметите (имотни и семејни).

## 1.2.Судска управа

**Табела 2. Податоци за предметите судска управа.**

| **Вид на предмети судска управа** | **Нерешени предмети на почеток** | **Новопримени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Су-Су-07** | 0 | 300 | 1 | 299 | 298 | 1 |
| **Су-ДОВ и Су.СТР. Д** | 0 | 12 | 0 | 12 | 12 | 0 |
| **СУ -ИЗЗ** | 0 | 14 | 0 | 14 | 14 | 0 |
| **УПП** | 0 | 5 | 0 | 5 | | |
| **СПИ** | 0 | 23 | 0 | 23 | 23 | 0 |
| **ВКУПНО** | 0 | 354 | 1 | 353 | 352 | 1 |

### 1.3.Квалитет на работење на ниво на суд

Во 2021 година на ниво на суд, од решените предмети во кои е дозволена жалба, вкупно се обжалени 88 предмети, од кои 71 предмет се од новопримени и 17 предмети од повторно во работа.

Според податоците од АКМИС системот, од обжалените а вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **75** предмети, од кои **52** предмети со одлука потврдена, **4** предмети со одлука преиначена, **15** предмети со одлука укината, **1** предмет со долика делумно укината и **2** предмети со одлука отфрлена.

**Табела.3.Кавалитет на предметите на ниво на суд**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1588 | 52 | 3.27 | 15 | 0.94 | 4 | 0.25 |

### 1.4.Предметно работење на ниво на оддел

#### 1.4.1.Предметно работење на ниво на Кривичен оддел

Во Кривичниот оддел во 2021 година по сите основви вкупно во работа имало **4591** предмети, од кои **19** предмети пренесени од претходната година и примени се **4572** предмети ( **4532** редовни и **40** повторно заведени предмети). Решени се **4557** предмети (**4536** редовни и **36** повторно заведени предмети), на крајот на годината останале нерешени **34** предмети ( **30** редовни и **4** поворно заведени предмети).

**Табела 4. со податоци за предметно работење по сите основи на ниво на Кривичен оддел.**

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Ршени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 4532 | 40 | 1 | 4591 | 4557 | 34 |

##### 1.4.1.1.Квалитет на предметите во Кривичен оддел

Во 2021 година во Кривичниот оддел обжалени се вкупно 34 предмети од кои 26 редовни и 8 повторно во работа предмети.

Во текот на 2021 од обжалени предмети вратени од второстепен суд вкупно се 30 предмети од кои 17 предмети со одлука потврдена, 7 предмети со одлука укината, 4 предмети со одлука преиначена и 2 предмети со одлука отфрлена.

**Табела 5. Квалитет на предметите на Кривичен оддел**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1375 | 17 | 1.23 | 7 | 5.09 | 4 | 0.29 |

### 1.4.2.Предметно работење на ниво на Граѓански оддел

Во Граѓанскиот оддел во 2021 година по сите основи ( со норма и без норма) вкупно во работа имало **6602** предмети, од кои 316 прдемети пренесени од претходната година( 307 редовни и 9 повторно заведени предмети) и во текот на годната примени се **6287** предмети ( **6254** редовни и **33** повторно заведени предмети).Во текот на годината погрешно заведен е **1** предмет Зав.Решени се **6145** предмети.На крајот на извештјната година останале нерешени 457 предмети (446 редовни и 111 повторно заведени предмети).

**Табела 6. Предметно работење на ниво Граѓански оддел**

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Ршени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 316 | 6254 | 33 | 1 | 6602 | 6145 | 457 |

#### 1.4.2.1.Квалитет на предметите во Граѓански оддел

Во 2021 година во Гранскиот оддел, обжалени се вкупно 54 предмети од кои 45 редовни предмети и 9 повторно заведени предмети.

Во текот на 2021 од обжалени предмети вратени од второстепен суд вкупно се 35 предмети од кои 25 со одлука потврдена, 8 премети со одлука укината и 2 предмети со одлука преианчена.

**Табела 7. Квалитет на предметите на Граѓански оддел**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 213 | 25 | 11.73 | 8 | 3.75 | 2 | 0.93 |

### 1.5. Состојба со стари предмети на ниво на суд

Во извештајната година на ниво на суд, по сите основи вкупно во работа имало **233** предмети од кои **149** стари предмети пренесени од претходната година и **84** стари премети регистрирани во текот на годината.Решени се **58** стари предмети, а останале нерешени **175** стари предмети, од кои 9 предмети повикување на лица на издржување

казна затвор-КУКУП, 7 имотни предмети-П1, 1 облигационен предмет-П4 и 150 предмети оставина-О (во работа на поверник нотар).

**Табела 8.Стари нерешени предмети на крајот на 2021 години, по уписник и години.**

| Уписник | Година | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | |
| Повикување на лица за издржување на казна затвор-КУИКП | **2** | **0** | **0** | **0** | **3** | **2** | **1** | **1** | **9** |
| Имотни-П1 | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3** | **3** | **1** | **7** |
| Облигации-П4 | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** |
| Оставина | **0** | **4** | **4** | **14** | **16** | **31** | **38** | **51** | **158** |
| **Вкупно** | **2** | **4** | **4** | **14** | **19** | **36** | **42** | **54** | **175** |

### 1.6.Предметно работење на претседателот на судот

Функцијата претседател на судот до 01.03.2021 година ја вршеше судијата Илир Исени**.** За периодот од 01.01.2021 до 01.03.2021 година, освен работите од судска управа, судијата Илир Исени постапувал по предмети Заверки-ЗАВ, Разни вонапрнични предмети-РВП, Разни кривични предмети-РКП, предмети Кривичен совет-КС и предмети ППНИ.Вкупно по сите основи во работа имал и решил 2881 предмет и тоа: 1281 предмети ЗАВ,123 предмети СУ, 915 предмети РКП, 9 предмети КС, 1 предмет оставина-О1**,** 1 предметп ПНИ ,1 предмет издавање дозвола на извршител-ИД и 543 предмети РВП.

Функцијата претеседател на судот од 01.03.2021 година до 05.07.2021 година како ВД.Претсдател на судот, а од 05.07.2021 година како Претсадтел на судот, ја извршува судијата Мерсим Марку.

**1.6.1.Претседателот на судот, судијата Мерсим Марку**, покрај предметите што се во надлежност на претседател , согласно Распоредот за работа на судите и вработените во судот за 2021 година, како судија постапувал по предмети во кривичниот и граѓанскиот оддел**.**Во 2021 година по сите основи вкупно во работа имал 6680 предмети од кои 3885 предмети ЗАВ, 197 предмети СУ, 7 предмети СУ ДОВ, 29 предмети КПП, 2191 предмети РКП, 63 предмети КС, 1 предмет КУИКП, 105 предмети ИПК,7 предмети ПРК, 10 предмети МАЛВП. 4 предмети РО, 5 предмети ППНИ, 29 предмети ВПП, 1 прфедмет ИКП, 28 предмети имотни –П1, 39 предмети семејни- П2, 47 предмети РВП, 2 предмети физичка делба -ВПП1, 4 предмети УПП, 15 предмети СПИ, 9 предмети П4 и 1 предмет издавање на дозвола на извршител-ИД.Решил 6635 предмети( 6627

редовни и 8 повторно во работа предмети).На крајот на годината останале нерешени 45 предмети( 40 редовни и 5 повторно во работа предмети), од кои 1 предмет СУ, 7 предмети КС, 3 предмети МАЛВП, 2 предмети ВПП, 12 предмети имотни –П1, 13 предмети семејни- П1 и 2 предмети физичка делба.Спред податоците на примени и решени предмети приливот на предмети не е совадан за 24 предмети.

Во извештајната година од решените предмети на судијата во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно 29 предмети ( 25 редовни и 4 повторно во работа предмети).Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се 22 предмети од кои 16 предмети со одлука потврдена, 5 предмети со одлука укинати и 1 предмет со одлука делумно укината.

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажано во следната табела:

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 308 | 16 | 5.19 | 5 | 1.62 | 0 | 0 |

Во 2021 година суидјата Мерсим Марку имал вкупно 3 стари предмети, решил 1 стар предме, а останеле нерешени 2 стари предмети од кои 1 предмет имотен и 1 предмет облигации.

**1.7.Предметно работење на судиите**

**<u>1.7.1.Судија Дамјан Илоски</u>,**

Согалсно Распоредот за работа на судиите и вработените во судот за 2021 година, Судијата Дамјан Илсоки постапувал по предмети во Граѓанскиот оддел, а во случај на спреченост на судиите во Кривичниот оддел, постапувал и по предмети од кривична област**.**

Во 2021 година судијата по сите основи вкупно во работа имал **103** предмети ( **87** редовни и **16** повторно во работа), од кои 4 предмети Заверки, 1 предмет КПП, 1 предмет РКП, 15 предмети Парнична мала вредност-МАЛВП, 2 пчредмети ПОВП, 9 предмети работни спорови –РО,1 предмет-ПЛП, 1 предмет ППНИ, 17 предмети ВПП,1 оставина-О, 34 предмети имотни –П1, 1 предмет семеен –П2, 2 предмети физичка делба –ВПП1 и 14 предмети облигаци-П4.Во текот на 2021 година судијата примил **72** предмети.Решил **73** предмети (63 редовни и 10 повторно во работа).На крајот на годината останале нерешени **30** предмети( 24 редовни и 6 повторно во работа предмети) од кои 4 предмети МАЛВП, 4 предмети РО, 1 предмет ВПП, 16 предмети имотни- П1, 2 предмети физчка делба-ВПП1 и 3 предмети одблигаци-П4.Според бројот на примени и решени предмети судијата го совладал приливот.

Во извештајната година од решените предмети на судијата во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно **25** предмети ( 20 редовни и 5 повторно во работа

предмети).Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **17** предмети од кои **12** предмети со одлука потврдена, **2** предмети со одлука преиначена и **3** предмети со одлука укината.

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажано во следната табела:

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **70** | **12** | **17.14** | **3** | **4.28** | **2** | **2.89** |

Во 2021 година судијата Дамјан Илсоки вкупно во рабоат имал 19 стари предмети, решил 13 стари предмети, а останеле нерешени 6 стари предмети(имотни).

**1.7.2.Судија Оруч Абазовски,**

Согалсно Распоредот за работа на судиите и вработените на судот за 2021 година Судијата Оруч Аабазовски, постапувал по предмети во Кривичниот оддел, а во спреченост на судиите од Граѓанскиот оддел, постапувал и по граѓански предмети**.**

Во 2021 година, по сите основи судијата вкупно во работа имал **1275** предмети ( 1236 редовни и 39 предмети повторно во работа), од кои 7 предмети Су, 19 предмети КПП,184 предмети кривично полнолетни-К, 1 предмет КС, 51 предмети повикување на лица на издржуавње на казна затвор-КУИКП, 85 предмети извршување на прекршочни глоби, паушал и трошоци –ИПК, 10 Замолници Кривично-ЗАМ К, 845 прекршочни предмети (ПРК-С, ПРК-Ј и ПРК-О), 62 предмети извршување на парични казни кривично -ИКП и 11 предмети извршување на санкци и алтернативни мерки –ИСАМ.Во 2021 година судијата примил **1257** предмети.Решил **1248** предмети (1212 редовни и 36 премети повторно во работа).На крајот на годината останале нерешени 27 предмети ( 24 редовни и 3 повторно во работа предмети) од кои 7 предмети кривично полнолетни-К и 20 предмети повикување на лица на издржуавње на казна затвор-КУИКП.Според бројот на примени и решени предмети судијата не го соваладал приливот за 9 предмети.

Во извештајната година од решените предмети на судијата во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно **28** предмети ( 20 редовни и 8 повторно во работа предмети).Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **26** предмети од кои **14** предмети со одлука потврдена, **2** предмети со одлука преиначена, 7 предмети со одлука укината и 2 предмети со одлука отфрлена.

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажан во следната табела:

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **1212** | **14** | **1,15** | **7** | **0,57** | **2** | **0,16** |

Во 2021 година суиdјата Оруч Абазовски вкупно во работа имал 13 стари предмети, решил 6 стари предмети, а останеле нерешени 7 стари предмети КУИКП.

## 2.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со Одлука на Судски совет од 26.11.2015 година, бројот на судиите на Основен суд Дебар се утврдува на 5-пет судии, вклучувајќи го и претсеадтелот на судот.

Судот извештајната година ја започна со четири судии во која бројка е и престедателот на судот.

На ден 01.03.2021 година Претседателот на судот судијата Илир Исени е именуван за Заменик директор во Академија за судии и јавни обвинтели Скопје,а судиското место е ставено во мирување.

Од 01.03.2021 година до 05.07.2021 година функицата В.Д. претседателе на судот ја извршуваше судијата Мерсим Марку, кој  со Одлука на Судски совет од 05.07.2021 година е избран за претседател  и ја извршува функицијата претседател на судот.

Заради непречено решавање на предмети за кои согласно закон потребно е одлучување во совет на судии (предмети од КС), потребно е пополнување на уште едено судиско место.

Според Правилникот за систематизаци и организација на работните места, во Основен суд Дебар се систематизирани 18 работни места, за кои предвидени се 52 извршители.

Судот во текот  2021 година, соглласно Правилникот за систематизација и организација на работните места имаше вкупно **23** извршители од кои 18 судски службеници, 4 припадници на судска полиција и 1 работник согласно Законот за работни односи.

Од стручните судски службеници се **5** извршители и тоа: 2 судски соработници-стручни, 1 соработник информатичар, 1 соработник-толкувач и 1 помлад судски соработник

.Од административно судските службеници се **13** извршители и тоа:1 Самостоен референт водител на писарница, 1 Самостоен референт книговодител –благајник, 1 Виш референт водител на писарница, 3 референти извршители во писарница, 3 референти-дактилогарфи, 2 помлади референти-доставувачи.

Во текот на 2021 година со договор на опредлено време заклучно со 31.12.2021 година примени се **2** извршители во категоријата административни судски службеници и тоа:1 Виш референт –архивар и 1 Референт за прием и експедиција на пошта.Потребно е во наредната година пополнување  на 3 упразнети работни места со вработување на

неопределено време  и тоа: 1 Виш референт –архивар , 1 Референт за прием и експедиција на пошта 1 Хигеничар.

Со Годишниот  распоред за работа на судиите и вработените во судот, судските соработници беа распоредени со судиите.Судските соработници покрај работата во предмети со судија, работеа на предмети од судска управ.Еден од судските соработници е официр за заштита на личните податоци, а другиот соработник е лице за посредување за информаци од јавен карактер и раководител на Работното тело за управување со движење на прдеметите во судот.Пом. судски соработник е распореден да работи со претседателот по предметите судска управа.

Соработникот информатичар покрај редовните одбврски за одржување на АКМИС системот и ИТ –опремата на судот, одговорен за уредување на Веб старната на судот со ажурирање на податоци работењето на судот.

Судскиот соработник -толкувач покрај редовите работи во врска со превод на одолуки,  на барање на суидите на рочиште врши превод на странки од албански на македонски јазик и обратно.

Судиите и судските службеници во текот на извештајната година согалсно Прогарамата за обуки на Академијата за судии и обвнители Скопје, преку Онлајн учествуваа во обуки.

Безбедноста на вработените, старнките и опремата на судот се врши со 4 извршители судски полицајци и видео надзор.

Судската полиција работи согласно Правилникот за работење на судската полиција и Месечниот распоред  за работа.Вршат редовно и повремено контрола на странки и други посетители на судот.На повик од судија воспоставуаат ред во судница.

Потребно е за припадниците на судката полиција да се обезбеди униформа и средства за заштита (огнено оружје и палка), бидејќи уназад неколку години не е набавена униформа а тоа влијае  на работењето и угледот на судот.

Судската полиција покрај контролата од безбедносен карактер, при влез на странките и другите посетители во судот, внимаваше дали се почитуават и мерките заштита од Ковид 19.

Судиите и вработените во судот, се придржуваа кон мерките и Протоколот за заштита од Ковид 19.

**3.СУДСКА ПРАКСА**

Претседателот на судот и судите секојдневно се среќаваат и разменуваат мислења за тековни проблеми и нивно решавање.

Судиите, секогаш на седница  ги рагледуваат вратените  предмети по жалба од Апелацион суд  и завземаат ставови за остранување на причините за укинатите одлуки,

како и за подобрување на квалитетот во работењето со предметите.Потврдените одлуки, како судска пракса се користат при одлучувањето во предметите.

Судиите во своето работење ја користат и судската пракса на Судот за човекови права во Стразбург.

## 4.ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во 2021 година во судот се примени 23 барања соласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и по истите благовремено е позитвно одговорено.

На Веб страна на судот во 2021 година објавени се 132 одлуки.При објавуавње на одлуките не се регистрирани некави проблеми.

Во текот на извештајната година, покрај објавување на одлуките, на Веб страна на судот се објавуваа месечните извештаи за работа со предметите, месечниот распоред на судења, како и други сопштенија за работењето на судот, со што се придонесе транспарентно работење на судот.

## 5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во Основен суд Дебар, информатичката опрема е во добра состојба иако потребно е во 2022 дел од тоа треба да се обнови поради дотраеност на работни станици кои се набавени во 2012 година, дел од штампачите кои се набавени во 2006 година а одржувањето/сервис предизвикуваат непотребни трошоци за судот

Судот располага со серверска конзола тип Fujitsu на која се инсталирани 5 виртуелни машини, 28 работни станици - персонални компјутери, мрежен принтер со фотокопир и скенер, локален скенер,15 локални ласерски печатари.

Дел од компјутерите се во функција од 2008 година. Исто така, Судот располага со видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер.

Судот има опрема за тонско снимање од CPC ФЕМИДА програма, која комплетно е во функција и се користи во судницата за одржување на рочишта по граѓански предмети.

Во извештајнат година Основен суд Дебар ги применуваше сите потребни програмски апликаци без проблеми и тоа: АКМИС системот, веб страната на судот системот за електронска достава, системот за електронско пием на акти, тонско снимање на рочиште.

Во текот на работата се јавуваат вообичаени проблеми кои засега навремено се корегираат и надминуваат од страна на информатичарот на судот.

Во судот во целост се користи електронската достава преку која до странките се доставуваат скенираните иницијални акти и актите изготвени од страна на судот.

Судиите и судските службеници имаат пристап на интернет.

Писмената комуникација преку канцеларијата на Претседателот на судот и судските службеници се врши по електронски пат преку службени емаил адреси.

Во период од 01.01.2021 до 31.13.2021 година Основен суд Дебар ги применуваше сите потребни програмски апликаци без проблеми и тоа: АКМИС системот, веб страната на судот системот за електронска достава, системот за електронско пием на акти, тонско снимање на рочиште.

При функционирањe на горенаведените програмски апликации беше потребно да се променаат батериите од главниот УПС уред поради дотраенот и тоа на ден 20.10.2021 година истите беа сменати од страна на овластен сервистер.

## 6.ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА СУДСКАТА ЗГРАДА

Зградата на судот е од типот ПП + кат. Дел од работните простории на судот се на вториот кат од деловниот објект „Мимоза“, кој дел е поврзан со зградата на судот со меѓукатни скали. Во овој дел се сместени: 2-две судници, кабинетот на претседателот на судот, 4 кабинети за судии и 2 канцеларии за судски службеници, сите се во добра состојба.

Додека пак, во зградата на судот - стар дел, на приземје се наоѓа просторијата наменета за шалтерско работење, просторија за архива на судот и четири канцеларии на ОЈО Дебар. На кат се наоѓаат пет канцеларии за судската администрација, просторија во која е сместен софтверот и просторија наменета за адвокати. Овие простори не се во добра состојба, истите се со оштетени подна подлога и столарија(врати и прозори).

Судската зграда нема хидрант за заштита од пожар.Во 2021 година извршена е замена на старите ПП апарати со нови, така што набавени се 2 комплет ПП апарат С-9, 5 ПП апарти С-9, 2 ПП апарти СО2 -5, 9 ПП Стикер и 1 ормар за прва помош.

На стариот дел од судската зграда има потреба од реновирање на покривот на бидејќи покривот е оштетен и при врнежи на дожд и снег доаѓа до прокиснување, а со тоа до оштетување на таваните на просторите на катот наменети за судската администрација.

Судот, при изработка на буџетскиот циркулар за 2022 година планираше средства за реконструкција на кровот на судската зграда стар дел..

## 7.ИЗВЕШТАЈ ЗАПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Во следната табела прикажани се планираните и реализирани сопствени јавни набавки во 2021 година во Основен суд Дебар.

| Р.бр | Вид јавна набавка | Планирана вредност, без ДДВ | Вид на постапка | Завршена | Договорена вредност, без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на услуги –осигурување на имот на судот | 50.000,00 | Мала вредност | да | 4522,00 ден |
| 2 | Набавка на стоки-тонери | 90.000,00 ден | Мала вредност | не | - |
| 3 | Набавка на стоки-масло за греење ЕЛ1 | 300.000,00 | Мала вредност | да | 315.441,00 ден |
| 4 | Изработка на основен проект за реновирање на кров на судската зграда-стар дел | 61.000,00 ден | Согласно член 40 од ЗЈН | да | 61.000,00 ден |
| 5 | Набавка на стоки-информ. опрема | 61.000,00 ден | Согласно член 40 од ЗЈН | да | 57.800,00 ден |
| 6 | Набавка на стоки канцелариски материјали | `180.000,00 ден | Мала вредност | не | - |
| 7 | Набавка на стоки | 90.000,00 ден | Мала вредност | да | 41.600,00 ден |
| 8 | Набавка на мебел | 120.000,00 ден | Мала вредност | не | - |
| 9 | Набавка канцелариска опрема | 120.000,00 ден | Мала вредност | не | - |

Покрај сопствените јавни набавки, судот во 2021 година преку групна јавна набавка има реализрино набавки за интернет и телефонска услуга и харитија за печатар..

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**СУДИЈА,**
**MERSIM MARKU**

**Изготвил:**
Судски соработник,
Мевмед Муратоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОСНОВЕН СУД - GJYKATA THEMELORE
ДЕБАР - DIBËR